**Правила за примена на новата Одлука за методологијата за управување со кредитниот ризик во однос на третманот на кредитните изложености одобрени до 1 јули 2019 година (затекнати кредитни изложености) при нивниот пренос или исклучување од категориите на реструктурирани, нефункционални реструктурирани или нефункционални кредитни изложености**

Одлуката почнува да се применува од 1 јули 2019 година, што значи дека новите правила предвидени со Одлуката ќе се применуваат од овој датум, како на новите кредитни изложености одобрени по овој датум, така и на кредитните изложености коишто се одобрени до 30 јуни 2019 година или коишто до овој датум добиле третман на реструктурирани или нефункционални кредитни изложености, согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13, 157/13 и 223/15). Тоа значи дека кај овие затекнати кредитни изложености треба да има промена во третманот, само доколку од 1 јули 2019 година овие изложености ги исполнуваат критериумите пропишани со новата одлука.

**Затекнати реструктурирани кредитни изложености**

Затекнатите реструктурирани кредитни изложености се сметаат за реструктурирани кредитни изложености според новата одлука. Од 1 јули 2019 година, банките можат да исклучат затекната реструктурирана кредитна изложености од оваа категорија, доколку се поминати две години од датумот на нејзиното последно реструктурирање и доколку сите кредитни изложености на клиентот се класифицирани во категоријата на ризик А (точка 41 став 1 од Одлуката). Доколку во периодот од 1 јули 2019 година банката изврши ново реструктурирање на затекната реструктурирана кредитна изложеност или доколку клиентот доцни повеќе од 60 дена врз основа на таа изложеност, таа добива третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност (точка 41 став 2 од Одлуката). Оваа изложеност може да се исклучи од категоријата на реструктурирани нефункционални кредитни изложености, доколку се исполнети условите од точката 42 од Одлуката.

Затекнатите кредитните изложености коишто на 30 јуни 2019 година биле реструктурирани, но и нефункционални, се сметаат за реструктурирани нефункционални кредитни изложености според новата одлука и може да се исклучат од оваа категорија доколку од 1 јули 2019 година ги исполнат условите од точката 42 од Одлуката.

За потребите на точката 9 потточка 9.1 став 1 алинеја 5, банката може да ја класифицира затекнатата реструктурирана кредитна изложеност во категорија на ризик „А", доколку е помината најмалку една година од датумот на реструктурирање, при што изложеноста не исполнува критериуми за класификација во друга категорија на ризик.

**Затекнати нефункционални кредитни изложености**

Истиот пристап се применува и во однос на затекнатите нефункционални кредитни изложености коишто го задржуваат овој третман од 1 јули 2019 година, а можат да се исклучат од оваа категорија, доколку се исполнети критериумите од точката 45 од

Одлуката. Притоа, банката е должна на затекнатите нефункционални кредитни изложености соодветно да ги примени и одредбите од точката 43 од Одлуката.

**Останати затекнати кредитни изложености**

Останатите затекнати кредитни изложености ќе добијат третман на нефункционални кредитни изложености, реструктурирани кредитни изложености или реструктурирани нефункционални кредитни изложености доколку од 1 јули 2019 година ги исполнат критериумите од точката 2 потточка 2.6 и точката 44 од Одлуката (третман на нефункционална кредитна изложеност), точките 36 став 1 и 37 став 1 од Одлуката (третман на реструктурирана кредитна изложеност) и точката 37 став 2 (третман на нефункционална реструктурирана кредитна изложеност), при што соодветно ќе се применуваат и сите останати одредби од новата одлука.